ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-188/2
03.12.2021 год.
ОХРИД

# ЗАПИСНИК

Од 17-та седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион, одржана на ден 05.08.2021 со почеток во 11 часот.
Во работата на Советот зедоа учество: Зоран Ногачевски - градоначалник од Општина Дебрца, Констандин Георгиевски - градоначалник од Општина Охрид, Сашо Јанкоски-градоначалник на Општина Вевчани, Рамиз Мерко - градоначалник на Општина Струга, Милена Костеска- овластено лице од Општина Македонски Брод, Хекуран Дука- градоначалник на Општина Дебар, Фјорим Вејселоски- овластено лице од Општина Центар Жупа, Алија Јаоски- градоначалник на Општина Пласница, раководителот на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, Мирјана Лозаноска, и вработените во Центарот за развој.

Советот за развој на Југозападниот плански регион работеше со следниот

ДНЕВЕН РЕД

- усвојување на записникот од претходната седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион

1. Предлог – Одлука за избор на Директор на Центарот за развој на Југозападниот плански регион.
2. Предлог – Одлука за усвојување на Листата на предлог проекти за развој на Југозападниот плански регион.
3. Информација во врска со регионалните проекти за 2021 и 2022 година.
4. Разно

Записникот од претходната седница се стави на гласање и сите претставници од Советот за развој гласаа за.

Точка 1 – за предлог одлуката за избор на Директор на центарот, претседателот на советот му даде збор на Мирјана Лозаноска за да даде извештај околу неговите донесени документи за огласот. Таа истакна дека имаше и комисија за проверка на доставените документи. Во комисија беа Валон Каба- Претседател, Стојан Савески-член, Арбереша Влаши- член. Само една кандидатура беше стигната, и таа кандидатура беше донесена од страна на Мирјана Лозаноска. Предлогот за избор за директор за Центарот за развој на Југозападниот плански регион го ставија на гласање и сите присутни гласаа за. Едногласно се прифати предлогот така што Мирјана Лозаноска е избрана за Директор на Центарот за развој.

Точка 2 – предлог одлуката за усвојување на Листата за предлог проекти за развој на Југозападниот плански регион зборот го зеде Мирјана која истакна дека една година се занимаваме со овие проекти и дефинитивно на 29 јули измените на законот помина на Собрание , и во 30 јули измените беа објавени во службен весник и кој што во

истиот ден стапува во сила. За нови апликации кои ги објавија од Бирото рокот за доставување на проекти е август.

Точка 3- за информација во врска за регионалните проекти за 2021 и 2022 година зборот го зеде Мирјана Лозаноска која кажа дека износот за двегодишната програма е останат ист односно за регионот. Аплицираме со два проекти тоа се истите проекти „Подобрена енергетската ефикасност во јавните објекти и намалување на загадување на животната средина во Југозападниот плански регион" и „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности". Според законот на место на членарината од 10 денари по глава на жител, сега се оди на ваша партиципација во проекти кои ги реализира центарот за општините и според пресметките веднаш по потпишување на Договор ќе ви пратиме информација за долгот од општините кон Центарот. Точката број три од дневниот ред се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа за.

Седницата на Советот се одржа online и заврши во 12:00 часот.

ЗАПИСНИЧАР
Бесијана Мерко

Струга , 05.08.2021